РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1081/4
13-05-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шеснаесеттата седница одржана на ден 10 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1081/1 од 06.03.2019 година, бидејќи не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеник Славица Митева Шуманска.

Предметот со број 09-1081/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1081/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Никола Шумански, во постапка за вработување во Царинска управа- Штип , кој е брат на пратеник Славица Митева Шуманска.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Никола Шумански.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Царинска управа, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 10 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Никола Шумански, брат на пратеник Славица Митева Шуманска се вработило на определено време заради

зголемен обем на работа на Царинската управа, при што постапката за вработување на определено време е спроведена врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи и во врска со член 22 став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор. По спроведување на Јавен оглас е формирана Комисија за селекција и избор и е утврден начинот на бодирање на кандидатите. Од Записникот од спроведеното интервју се гледа дека за работното место Самостоен советник за царински надзор во Служба за надзор на иматели на одобренија во царинарница Штип (2 извршители) од трите рангирани кандидати лицето Никола Шумански е прворангиран, со највисок број на поени, по што е донесена одлуката за избор на најдобро рангираните кандидати и истиот ден е склучен договор за вработување со Никола Шумански.

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеник Славица Митева Шуманска.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk